Татјана СТОЈАНОСКА УДК:316.74:2

# РЕЛИГИСКИТЕ ВРЕДНОСТИ-ПРЕДУСЛОВ ЗА РЕЛИГИСКА ТОЛЕРАНЦИЈА ВО МУЛТИЕТНИЧКА МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*Република Македонија е еклатантен пример за мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална средина, држава во која егзистираат различни култури, различни националности и различни конфесионални заедници, место во кое се испреплетуваат културите и религиите. Во услови на таква разноликост, неминовно е да се постави прашањето за функционирањето на различните етникуми и верски организации, односно дали постои соработка и взаемност помеѓу различните заедници, поточно, кои се тие критериуми и механизми кои даваат свој придонес за зацврстување на таа позитивна соработка. Праксата и досегашното искуство покажува дека клучни механизми кои допринесуваат за јакнење на соработката меѓу различните конфесии и надминување на негативните појави, кои несомнено се дел од нашето секојдневие, се пред сè оние религиски вредности кои се дел од религиските учења на големите, универални религиски системи. Конкретно, во нашата држава, Христијанството и Исламот, како доминантни религии, содржат и прокламираат вредности кои несомнено влијаат позитивно во меѓусебната соработка и позитивно ги насочуваат своите верници во комуникацијата со припадниците на другите религии. Пред сè, овие религии се големи етички системи и прокламирајќи ја првенствено толеранцијата, како една од врвните вредности, овие религии се наметнуваат како начаен фактор за стабилноста во државата.*

***Клучни зборови:*** *РЕЛИГИЈА, ТОЛЕРАНЦИЈА, ВРЕДНОСТИ, ХРИСТИЈАНСТВО, ИСЛАМ.*

## I. Вовед

Времето во кое денес живееме се карактеризира со брзи и динамични промени во сите сфери на општественото живеење. Во услови на трансформации на општествениот систем се случуваат низа прогресивни промени, но неминовни се и регресивните ситуации. Во

контекс на ваквите случувања несомнено се поставува прашањето: кои механизми се потребни, во услови какви што денес ги имаме, да придонесат за позитивна трансформација и безболно преминување на неповолните ситуации. Македонија е еклатантен пример за брзи трансформации во рамките на кои граѓаните се субјектите кои ги сносат последиците на тие промени. Македонија е мултиетничка држава и несомнено сите етникуми кои живеат во неа се засегнати од трансформацијата. Во одредени ситуации, кои може да ги наречеме неповолни, се случија одредени настани кои на некој начин доведоа до судир на етникумите, при што одредени институции и поединци тие случувања ги окарактеризираа како судир кој почива на религиска основа. Можеби има и одредени факти кои тоа го потврдуваат, но сепак, религијата како значаен општествен феномен во голема мера допринесува за развој и ширење на позитивни вредности кои се основа за религиска толеранција во едно мултиетничко општество.

Едно од клучните прашања кои се поставуваат во научните кругови, но и прашање кое се наметнува во општествената јавност е: која е суштинската улога на религијата во ситуација на испливување на судир во општествената сфера, конфликт во кој носители се различни етнички групи, односно како различните етнички групи кои имаат различна религиска определба и ги декларираме како религиски групи, ја користат својата моќ во разгорување на конфликтот, или пак допринесуваат, преку моќта што ја поседуваат, за спогодба, соработка и мирно решавање на конфликтот. Во услови на мултиетничко општество, како што е нашето, прашањето би се формулирало на следниов начин: дали религиските вредности и чувства на граѓаните од различен тип на религиска провиненција допринесуваат за разгорување или пак за смирување на конфликтите. Поставувајќи го прашањето на ваков начин, несомнено имплицира продлабочена анализа која најпрво ќе појде од објаснување на основните поими а тоа се: религија, вредности, толеранција и во рамките на таа продлабочена анализа суштинската теза ќе се заснова на религиската толеранција помеѓу различните етникуми во нашата држава.

## II. Религиската толеранција-суштинска вредностза поврзување наралничните религии во Р. Македонија

И самиот наслов на текстот алудира, а и низ целиот текст подоцна ќе се забележи дека провејува една жичка на позитивна поврзаност на религиските вредности со принципот на толеранција, како

и суштинската поврзаност на религијата со толеранцијата. Од тука потенцирајќи ја поврзаноста на мошне значајните општествени феномени: религија, вредности, морал, толеранција, неминовно се наметнуваат одредени прашања, кои ја окупираат и социолошката, но и пошироката општествена и научна јавност, прашања кои се сконцентрирани кон барање одговори на дилемите: дали религијата и моралот се суштински зависни; дали постои поврзаност меѓу нормите, пред сè, во моралниот кодекс на универзалните религии; доколку постои поврзаност, во која мера тој допринесува за поттикнување на религиска толеранција меѓу различните етникуми; дали кодексот на норми и вредности најдиректно се усвојува преку религиските учења и практики. Токму овие дилеми се сметаат за современи обновени прашања кои се од суштинско значење за животот, делувањето и активностите на човекот денес, посебно на ова наше тло.

Времето во кое се случуваат промените кај нас со право може да го наречеме обременето време, период во кој катадневно се случуваат промени кои што во голема мера направија пресвртница во нормалните животни текови. И во еден таков амбиент, кога сè се менува се поставува прашањето дали и оние механизми што го одредуваат човековото однесување и поведение се променливи категории или се дадени еднаш засекогаш и тешко се менуваат? Пред сè се мисли на вредностите и нормите со кои се регулира и одредува севкупното човековото однесување и дејствување, како и севкупната негова активност во сопствениот живот и во контактите со другите луѓе.

Слободно може да кажеме дека три и пол илјади години по Сократ и две илјади и седум години по Христа човекот е далеку од морално совршено суштество, а светот во кој живееме е уште подалеку од епитетот морално совршен. Во услови на криза на моралниот поредок, во услови на криза на вредносниот систем, во услови на поделби, конфликти и меѓуетничка нетрпеливост, треба да се пронајде механизам и норми кои ќе ја преземат улогата на двигатели на позитивностите,а несомнено таква улога имаат религиските вредности кои се клучот за религиска толеранција во едно мултиетничко општество, како што е примерот на Република Македонија.

## III. Ставот и потенцирањето на принципот на толеранција од страна на верските заедници во Р. Македонија

Република Македонија од осамостојувањето го носеше епитетот оаза на мирот и беше еклатантен пример за етнички соживот и

потенцирана како држава во која егзистираат различни етнички заедници кои имаат и различна религиозна определеност. По немилите настани кои се случија на тлото на нашата држава, таа можеби го изгуби приматот на идеал за етнички соживот, но во никој случај не можеме да се согласиме и со тезите кои се обидуваат да ги пласираат одредени кругови дека во Македонија не функционира мултиетничноста и дека обесправеноста е еден од клучните принципи и дека нема соживот помеѓу различните етнички заедници. Апсолутно не држат тие тези бидејќи низа примери од секојдневниот живот на македонските граѓани ги побиваат тие тези. Најпрво, не е се идилично, нормално како и секоја мултиетничка држава, така и Македонија, се соочува со одредени проблеми, но далеку од тоа дека тие се нерешливи или дека нема соодветна солуција за таквите проблеми, а уште помалку држи ставот дека во Македонија е се така црно. Одредени настани кои ни се случија во блиското минато можеби ги изместија секојдневните и нормални настани од колосек, но сепак ситуацијата помеѓу различните етникуми не е мрачна, поготово не може без трунка срам да се пласира една теза дека постои позитивна коралација помеѓу религијата и конфликтот во нашето општество. Напротив, многумина познавачи на приликите во нашата држава, но и познавачи на религијата ќе потенцираат дека религијата придонесува за позитивна корелација и соработка помеѓу различните етникуми.

Доколку се разгледа етничката карта на Македонија се забележува дека најдоминантна е македонската етничка зедница, потоа албанската, и во помал процент се застапени ромската, турската, српската и влашката етничка заедница, а во однос на религиозната опредленост најбројна конфесија се православните христијани (60 %), потоа припадниците на муслиманската вера (30%), а останатите 10% ги сочинуваат припадниците на католичката религија, протестантската религија – во рамките на кои егзистираат малите верски заедници како што се: Евангелската црква, Јеховините сведоци, Адвентистичката црква, Евангелистичко-методистичката црква и др. Како што споменавме најдоминантни се православните христијани, кои својата религиозна припадност ја практицираат во православните цркви кои се во надлежност на Македонската православна црква и припадниците на исламот-муслиманската вероисповест кои својата религија ја практицираат во џамиите кои се под надлежност на Исламската верска заедница. Согласно на ваквите факти нормално е да се согледа и влијанието на МПЦ И ИВЗ врз своите верници и во колкава мера тие допринесуваат за зголемување на верската толеранција, колку ја шират преку религиските норми кои се основа

на толеранцијата и во која мера бараат од своите верници тие норми и вредности кои прокламираат толеранција и позитивен пристап да ги имплементираат во праксата и во нивниот секојдневен живот. За да се согледа позитивната конотација на религиските норми и нивната улога во ширењето на толеранцијата како клучен принцип за соживот ќе изнесам одредени религиски тези кои се дел од основното учење на доминантните религиски конфесии и преку нив може недвојбено да се согледа позитивното во религијата, но и да се потврди ставот дека граѓаните-верници, пред сè преку имплементирање на позитивните религиски вредности во праксата и во нивниот секојдневен живот ја јакнат толеранцијата и меѓуетничкиот соживот во сопствената држава.

## IV. Религиската толеранција и вредностите во Христијанството и Исламот

Христијанството и Исламот се големи етички системи кои во себе содржат и прокламираат низа вредности, кои се срж на морални норми и кои го насочуваат човековото однесување, пред сè говориме за вредности кои се основа на пожелното и моралното, вклучувајќи ги вредностите како што се толеранција, почит, љубов, мир, соживот.

Говорејќи за толеранција, а со цел да се разбере вистинскиот контекс на овој збор, најпрво ќе се осврнеме кон објаснување и дефинирање на толеранцијата, како и историско-хронолошка анализа на верската толеранција во Р. Македонија, а потоа ќе се објаснат основните постулати на религиските вредности кои имплицираат толеранција и кои ги усвојуваат верниците во текот на нивниот живот, а преставуваат срж на соживотот во мултиетничко општество.

Треминот толеранција (Stark,1967) подразбира трпеливост, дозволено одстапување од зацртаните и вообичаени правила и прописи. Интерпретирано во поширока општествена и социолошка конотација, (Đaković, Bigovič, 2006) толеранцијата претпоставува трпеливост, прифаќање на туѓите ставови и уверувања, одобрување, овозможување и допуштање да важат некои поинакви и други начела, кои не се наши индивидуални, но сепак мораат да се уважуваат во духот на граѓанската слобода и јавното мнение или во кратки црти сублимирано кажано толеранцијата е дозволено отстапување од сопствените убедувања и ставови. Кога се зборува за толеранцијата во Р. Македонија, ние поаѓаме од ваквите постулати и согласно тоа може да кажеме дека верската толеранција подразбира и прифаќање на

ставовите на различните религиски групи и трпелив и разбирлив однос кон нивното верско убедување и учење, а сето тоа во контекс на јакнење на мултиетничноста, бидејќи неминовен е фактот дека постои посебна психолошка и нераскинлива поврзаност меѓу религијата и нацијата (Санџаковски, 2003). Ако се согледа историската ретроспектива врзана за верската толеранција во Р. Македонија треба да се напомене дека нејзините почетоци се врзани за 19 век. Имено, за време на владеењето на Османлиското царство па се до средината на 19 век не може да се говори за верска толеранција. Но, во средината на 19 век, со носењето на два реформски акта и тоа: Хулханскиот хатишериф (1839) и Хатихумејумот (1856) ситуацијата во однос на верската толеранција драстично се менува, бидејќи овие два акта прокламираат верска и национална рамноправност за припадниците на сите етнички групи во рамките на турската империја. Потоа, Македонија беше дел од југословенската држава, во однос на што слободно може да кажеме дека различните религии и религиозните институции не биле во близок контакт помеѓу себе, но не се ни исклучувале. Со самото осамостојување на Македонија и нејзино прокламирање како мултиетничка држава и признавањето на постоење на различни етникуми и различни религиски конфесии, може слободно да се потенцира дека се покажува одреден степен и на теориска и на практична толеранција. Верската толеранција ја прокламираат и Македонската православна црква и Исламската верска заедница, како доминантни верски заедници во Р. Македонија. Говорејќи за верската толеранција во нашата држава, може да се истакне дека во Р. Македонија верската толеранција ги има следниве карактеристики: практична толеранција, дозирана толеранција, декларативна толеранција и апропо ваквиот заклучок се потенцира дека религиската толеранција е директно врзана за демократизацијата на македонското општество.

Како си се потврдиле ваквите тези и заклучоци, а со цел да не остане да лебди некоја нејаснотија, ќе укажам на некои примери, првенствено на некои религиски теории кои ги прокламираат и христијанството и исламот, а следствено на тоа и МПЦ и ИВЗ, а потоа и на одрдени верски факти, кои ќе допринесат да се разјасни и зацврсти улогата на религиските норми и вредности во рамките на верската толеранција.

Често пати едно од прашањата кое ја окупира нашата јавност е зошто религиските норми и вредности, кои се предуслов за толеранција меѓу различните етникуми заземаат така значајно место во едно општество и одговорите се одвиваат главно во една релација. Имено,

во голем број општества, вклучувајќи го и нашето, се случи длабока и остра промена на кодексот на морални норми и вредносни системи и со право можеме да кажеме дека вон ашето општество дојде до криза на вредносниот систем и еден вид на морална ерозија. Имено, одредени норми, кои беан а дното на хиерархиската скала, испливаа на површината, а за сметка на нив други морални норми, кои беа високо вреднувани станаа маргинализирани и се најдоа на долното скалило на вредносниот систем. Коренитите промени на моралниот кодекс допринесоа да во одреден период се случи вредносен вакуум, односно период на празнина на вредносните критериуми. Тоа се периоди во кои престои и опасност од морална корозија на вредносниот кодекс. Во такви ситуации се случува една личност, која е во фаза на развој, да не знае и да не може правилно да се насочи, бидејќи постои промена на вредносниот систем или вакуум на морални норми и личноста не може да согледа што е правилно, што е пожелно, што е добро и потребно за нејзин правилен развој. Во такви случаи може да дојде и до неправилно развивање на личноста, која ќе се бара себеси и своето место во општеството. Токму во такви ситуации, кога постои недооформен вредносен систем и морална ерозија, со цел луѓето да не залутаат морално, пожелно е да им се пренесат на нив моралните норми што се дел од големите универзални религиски системи. Воочувајќи ги тие норми и восприемајќи ги тие религиски вредности значани за верниците, во секој случај тие ќе допринесат за полесно разрешување на различните ситуации со кои се соочува личноста во текот на нејзиниот живот и со помош на тие норми се допринесува за развој и етаблирање на толеранцијата во општеството.

Согласно ваквите согледувања, слободно може да заклучиме дека религијата, првенствено со сите нејзини вредности, е основата на која почива толеранцијата. Иако многумина на прашањето што преставува всушност религијата, одговараат дека може таа мошне едноставно да се дефинира, сепак секој таков обид ќе остане безуспешен, бидејќи да се определи религијата и да се одредат прецизно нејзините вредности кои имплицираат толеранција и соживот не е воопшто едноставно.

Религијата е еден од најсложените општествени феномени или како што одредени автори ја декларираат: (Hamilton, 2003) религијата е најдлабоко морско дно кое останува мирно и кога на површината се големи бранови. За религијата и нејзините елементи не може да се даде една дефиниција и едно објаснување, бидејќи пред се постои голема разновидност и необичност на верувањата и на ним сво-

јствените вероисповедни облици кои што настанале и опстојуваат во човековото општество. За да биде појасно разноликоста на религиските облици преку еден пластичен пример ќе се обидам посуштествено да го објаснам тоа. Во анимираниот цртан филм Чарил Браун во една ситуација токму главниот лик во серијата Чарил Браун говори за религијата со својата пријателка луси. Имено, Луси ја истакнува сопствената констатација дека во суштина сите религии се исти, сведувајќи се на максимата: Љуби го Ближниот свој. На оваа нејзина констатација Чарил Браун зачудено и одговара: Најди сличност помеѓу христијанската религија и обожавањето на меланезиската жаба. Токму оваа сентенца ни покажува колку навистина има разлики во верувањата, а со самото тоа ни го потврдува фактот дека религијата е навистина комплексен феномен.

Но и покрај енормните разлики кои постојат меѓу различните облици на религиско верување, сепак може да се говори и за еден вид на религиски универзалии, односно слични елементи кои се среќаваат кај религиите. Токму тие слични елементи се всушност оние елементи или вредности што прокламираат толеранција и ненасилност како вредност и преку нивно усвојување верниците мошне пофлексибилно ќе ги решаваат суштинските разлики кои постојат во општеството. Преку неколку еклатантни примери кои што ќе ги наведам, примери на религиски норми и вредности кои имплицираат пред се моралност и кои подржуваат смиреност и толеранција, првенствено ќе се воочи сличноста меѓу христијанството и исламот и ќе се увиди дека почитувајќи ги декларативно и практично нормите и вредностите на тие религии многу полесно ќе се гради соживотот во едно мултиетничко општество како што е македонското, бидејќи како што напоменав двете доминантни религии вон нашето општество се токму христијанството и исламот.

Христијанството е изразито етичка религија која проповеда внатрешна морална преродба на човекот и тоа е всушност голема етика (Елијаде, 1996), во чиј центар е ставена смислата на моралот, неговата суштина и пронаоѓањето одговори за суштината на моралното делување и однесување, односно како треба да се однесуваат луѓето во склад со моралот. Пред сè на верниците им се дава еден морален идеал преставен преку ликот на Исус Христос, прикажан како најморална личност во човековата историја, кој всушност го положува својот живот како доказ за вредноста на својата животна смисла и етички начела. Тајната на христијанството се состои во Христовата жртва и неговата љубов. И токму потенцирајќи ја љубовта како вредност и тоа љубовта кон блиските и воопшто кон луѓето,

се настојува да се потенцира и трпеливоста и толерантноста, и се настојува да се покаже дека само со мирна реакција, ненасилна и со љубов во душата човекот ја црпи и вообличува енергијата со помош на која живее. Без овие вредности, без љубов, без мир, без трпение, светот би бил никаков, човековиот живот би бил празен, бидејќи љубовта пред се за човекот е инспирација свесно и морално да постапува и да биде подобар од она што е. Во тој контекст се и зборовите на Апостол Павле кој ќе истакне:

*Да зборувам на сите човечки јазици, па дури и на ангелски, штом љубов немам ќе бидам бакер што ѕвони или кавал што ѕвечи. Да имам пророчки дар и да ги знам сите тајни, да ги имам сите знаења за сите работи, а и така силна вера што и планини да преместувам, ако љубов немам ништо не сум... Љубовта не завидува, не се гордее, на неправда не се радува, а на вистина серадува...* (Свето писмо Библија, 2002)

Всушност преку овие стихови јасно се потенцира дека доколку двигател во сите човекови постапки е љубовта човекот многу лесно ќе ги решава животните проблеми, а целиот живот и сите негови активности ќе се одвиваат во позитивна насока.

Исто така христијанството прокламира и низа други вредности, кои лежат во основата на толеранцијата. На пример во неколу наврати се вели:

*Не се противете на злото, ако некој те удри по десниот образ, заврти му го и другиот, а оној што сака да се суди со тебе и да ти ја земе кошулата, ти дај му ја и горната облека и ако некој те присилида одиш со една милја ти оди две, на оној што бара од тебе ти дај му. Љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат, бидете совршени како што е совршени вашиот отец небесен.* (Свето писмо Библија, 2002)

Оваа максима е еклатантен пример за потенцирање на ненасилство и толеранција меѓу сите луѓе и оттука кристално се гледа дека христијанството е религија која ги учи своите припадници на мир, проштевање, ненасилство, толеранција.

Во одредени сегменти христијанството како религија ја проповеда и наградата за добро сторените дела, но и казната за лошите постапки и на тој начин ги потикнува своите верници да постапуваат позитивно, добро, морално и правилно во секоја ситуација. Во тој контекст се вели:

*Не судеше за да не бидеше судеш, оши со каков суд судише со шаков ќе бидеше судени, со каква мера мерише со шаква и ќе ви се мери. Сакајше се и се ќе ви се даде, барајше и ќе најдеше, чукајше и ќе ви се ошвори, зашшо секој шшо сака добива, и кој бара наоѓа, и на оној шшо чука ќе му се ошвори, сешо она шшо сакаше да ви ѓо йраваш луѓешо йравеше им ѓо и вие.* (Свето писмо Библија, 2002).

Сите овие работи прокламираат позитивни вредности и ги насочуваат луѓето во позитивна насока и практицирање на љубов, праведност и толеранција во сите нивни дејанија и активности и во сите животни ситуации.

И исламот прокламира низа позитивни вредности како што се љубов, почит, толеранција. Во тој контекст во Куранот се вели:

*Оној кој убива некоѓо или оној кој йрави неред на земјаша е еднаков на оној кој би ѓо йоѓубил целиош свеш, а оној кој ѓо оживува човекош како да ѓо оживеал целиош свеш. Верницише шреба да ѓи исйолнаш обврскише и кон Боѓа и кон државаша и меѓу себе. Живошош шреба да се орѓанизира на шој начин да има йомалку сиромашни, должници, а многу йовеќе да иам рабошници и доброшворци.* (Smailagič, 1975)

Исто така и исламот ги осудува сите негативни постапки и дејанија кои луѓето ги прават, упатувајќи им апел наг решинците дека ако во животот ги водат лоши и негативни мисли соодветно за таквите постапки ќе бидат и казнети и се истакнува:

*О, верни, не диѓајше ѓи своише ѓласови над ѓласош на божјиош йрашеник, со неѓо ѓласно не зборувајше, бидејќи ќе ви се срушаш вашише дела без да знаеше. Не кришизирајше и не йредизвикувајше лоши дејсшва, не клевешеше никоѓо, не кодошеше... Верници, зошшо зборуваше за шоа шшо не ѓо йравише, кај Боѓ шоа йредизвикува ѓолема омраза, Боѓ многу мрази да ѓо зборуваше шоа шшо не ѓо йравише... Судниош ден осшро ќе ѓи судиневерницише, нивнише дела ќе ѓи казни со йеколенживош...* (Smailagič, 1975).

## V. Заклучок

Во целиот текст провејува потенцирањето на толеранцијата како суштинската вредност која се прокламира во религиските системи Христијанство и Ислам и која е суштина на соживотот помеѓу раличните етникуми во Р. Македонија.

Всушност, преку сите сентенци споменати во текстот се прокламираат позитивни вредности какви што се вистинитост, чесност,

добрина, доблесност, а се критикуваат неправедност, лоши дејанија и лоши мисли. Исто така и петте столба на исламот (вера, молитва, пост, зекат и аџилак) се сметаат за значајни морални специфики.

Како што видовме и христијанството и исламот навистина прокламираат низа позитивни и правилни вредности и идеали со кои се уредува животот на нивните припадници. Само со прифаќање и практицирање на тие вредности граѓаните ќе живеат убав, мирен и достоинствен живот.

Македонија е еклатантен пример на земја во која егзистираат и живеат различни етникуми кои имаат сопствена религиска определба. Различните етнички заедници помеѓу себе не се негираат и исклучуваат, напротив се почитуваат. Ако прошетате по прекрасната наша држава, посетите мултиетнички средини, како на пример градот Струга, недвојбено ќе забележите дека не само теоретски што различните религиски конфесии и етнички заедници прокламираат принципи како што се мир, правда, љубов, соживот, толеранција, туку и во практиката тоа го применуваат. Ќе забележите една мултидимензионалност и разнолокост на вери и етникуми како соработуваат меѓу себе, си помагаат и комуницираат меѓусебно, една позитивна димензија на соживот и меѓусебно прифаќање без оглед на разноликостите што ги поседуваат. На една страна црква, на друга страна џамија, но секој на свој начин си ја практицира сопствената религија, без никакво исклучување на другата. Напротив, почитта и толеранцијата меѓу различните религии може најубаво да се согледа за време на различните верски празници, кога припадниците на различните религии си ги честитаат меѓу себе, посакувајќи си само убави непгга и потенцирајќи позитивни вредности. Само со ваков начин на живеење и комуницирање може да се опстане и само ако во животот не водат позитивните вредности како што се: љубов, почит, мир, еднаквост, толеранција ќе бидеме навистина луѓе, бидејќи да се биде човек во вистинска смисла на зборот е најголема човекова доблест и тоа е смислата на човековото битисување.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Матевски*)

## ЛИТЕРАТУРА

Arbery I. A., 1964, *The Koran Interpreted*, London: Oxvord, University Press.

Arnold T., 1990, *Povijest Islama-historiski tokovi misije*, Sarajevo.

Besant A., 2006, *Sedam velikih religija*, Beograd: Metaphysica.

Бикај М., 2003, *Библијата, Куранот и науката*, Скопје: Логос-А.

Bouker Č., (urednik), 2006, *Religije*, prevod, Novi Sad: Stylos.

Bošnjak B., 1988, *Filozofija krščanstva*, Zagreb: Stvarnost.

Vernon M.G., 1962, *Sociology of Religion*, New York: McGraw, Hillbook Company.

Đakovac A, Bigovič R, 2006, *Leksikon hriščanstva, judaizma i islama*, Beograd: Agencija Matič.

Елијаде М., 1996, *Водич кроз светске релегије*, Београд: Народна Књига Алфа.

*Енциклопедија живих религија*, 1990, Београд: Нолит.

Избутс Ж. П., 2005, *Археолошка историја на трите вери*, Скопје: АЕА-Мисла.

Изетбеговиќ А., 2005, *Исламот помеѓу истокот и западот*, Скопје: Логос-А.

Krešič A., 1981, *Filozofija religije*, Zagrebr, Naprijed.

Pavičevič V., 1988, *Sociologija religije*, Beograd: BIGZ.

Санџаковски С., 2003, „Љубовта како чин на допирање на душата на ближниот со душата твоја", Штип, Педагошки факултет „Гоце Делчев".

*Свето Писмо Библија*, 2002, Скопје: Фондација Благовестие.

Smailagič N., 1975, „Uvod u Kuran", Zagreb: Medicinska knjiga.

Strak V., 1967, *The Sociology of religion*, New York: vol II, Секретариан Религион.

Трипковић М., (уредник), 2005, *Религија у мултикултурном друштву*, Београд, Герограф.

Temkov K., 2003, *Etika za mlade*, Niš: Bajka.

Hamilton M., 2003, *Sociologija religije-teoretski i uporedni pristup*, Beograd: Clio
Šušnjić B., 1998, „Religija", I, II, Beograd: Čigoja.

Tatjana STOJANOSKA

# RELIGIOUS VALUES-PRECOUDITION FOR RELIGIOS TOLERANCE IN MULTIETNIC MACEDONIA

**Abstract**

*The Republic of Macedoniea is a good example for a multiethnic, multiculcutral and multiconfessional country where do exsist different cultures, nationalities and religious communities. It is a place where the different cultures and religions are mixed. Heaving such a diversity, it is unavoidable to pose the question about the functioning of the different ethnic groups and religious organisations, or is there a cooperation and coherence between the different communities. Furthermore, which are those criterias and mechanisms that contribute in order to have a stable positive cooperation. In practice and the present experience show that the main contributing mechanisms in order to strengthen the cooperation between the different religions and to overcome the negative appearances which are doubtless part of our every-day-life, are those religious values which are part of the theological studies of the big and universal religious systems. In our country, the Christianity and the Islam as dominant religions, contain and proclaim values which undoubtedly influence the cooperation in a positive way, and they advise their believers to communicate with the members of the other religions. Those religions are big ethical systems. During their proclamation of tolerance as one of the main values, these religions play a big role concerning the stability in the country.*